Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative.Procedurë të Marrëdhënies së Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 20.01.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 144/1 | | |

Outlook

## Fw: Барање

**From** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Date** Mon 1/20/2025 8:48 AM
**To** Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>

3 attachments (3 MB)

Prilog-2_Pokana-iskaz_OJO-GOKK.pdf; Prilog-1[redacted]
SPIJK_Vtorostepena_18jan2025g.pdf;

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Saturday, January 18, 2025 11:07 PM
**To:** Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>
**Cc:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>
**Subject:** Барање

Почитувани,

Согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/19), во прилог Ви доставувам Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам потврдете прием на доставеното Барање.

Со почит,
[redacted]

[redacted]
--
PhD in Land Economy candidate
Department of Land Economy, University of Cambridge
c/o Hughes Hall, Wollaston Rd, CB1 2EW Cambridge
+44 (0) 7388 927117 • ms2159@cantab.ac.uk • www.cantab.ac.uk

Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен – со седиште во Скопје

ДОСТАВЕНО ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

До: ______________________________________________

(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] адреса на живеење [redacted] со контакт телефон: [redacted] и контакт електронска адреса: [redacted]

______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

______________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Почитувани,**

**Со цел изготвување на истражување за борба против корупцијата во управните постапки а во согласност со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во понатамошниот текст како „ЗПИЈК"), барам да ми се издаде копие во формат на електронски запис од: Записник за одржана седница на 03.12.2024 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен (во понатамошниот текст како „Комисијата" и „Записникот") воден согласно член 8 став (5) од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од ра[redacted] втор степен кој пропишува, *„За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот."* (дословен цитат) кој што сметам дека е од јавен интерес затоа што:**

**Постојат индиции дека во постапувањето по предметот на Комисијата заведен под дел. бр. 0801-339 се тргувало-со-влијание во интерес на трети лица, конкретно во интерес на групи-на-интереси од областа на градежништвото (колоквијално познати како „урбанистичка мафија"), на непосредна штета на подносителот. Самостојноста на Комисијата загарантирана во член 2 став (1) не и дава прерогатив на истата да постапува спротивно на Закон, во конкретниот случај спротивно на одредбите пропишани во Законот за општа управна постапка каде што јасно и недвосмислено е дефинирано дека секое лице кое има правен интерес може да бара поништување на правните акти. Решението бр. 0801-339 од 03.12.2024 година, како и спротивно на член 66 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кој пропишува дека *„Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни."* (дословен цитат) Во контекст на погоре изнесеното имам поднесено Претставка до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) каде е оформен предмет, и Кривична пријава против сочинителите кои доставувале поднесоци по-службена-должност до првостепениот (Управа за имотно-правни работи Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Прилеп, Одделение за катастар на недвижности во Прилеп, Државно правобранителство за подрачје Прилеп и Приватен катастар „ГЕОНЕТ" ДОО Прилеп) за фалсификување на документи и злосторничко здружување до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во Скопје (консултирајте прилог).**

Записникот како барана информација е од јавен интерес затоа што со нејзиното објавување: „ ќе се открие злоупотреба на службена положба и коруптивно однесување“, „ќе открие потенцијален судир на интереси;“ од страна на членови на Комисијата и “ ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите“, соодветно пропишани во член 3 став (1) алинеа 7, потточки 1, 3 и 7 од ЗСПИЈК.

Истражувањето за конкретниот предмет ќе го користам како случаен пример (case-study) во изготвување на предлог проект за борба против корупцијата преку грант-програмата финансирана од Влад[redacted] на САД [redacted] меѓународен развој (УСАИД) во Скопје на[redacted]о „Граѓаните против кор[redacted] чие истражување ќе се обезбедат предлог мерки за реформа во [redacted]ки – преку зголемена транспарентност и отчетност на органот.

Напоменувам – сите податоци содржани во Записникот кои се класифицирани како лични согласно Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на РСМ бр. ) да ги анонимизирате затоа што истите не се предмет на ова барање.

Ве молам на итно постапување. Однапред Ви благодарам.

Со почит,
[redacted]

- Докторанд по земјена економија на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија
- Магистер по финансии на Универзитетот во Кембриџ, Велика Британија (Првенец-на-генерација при Катедрата за земјена економија, магистрирал со просек 10,00)
- Дипломец по економија на Универзитет Џорџтаун во Вашингтон, САД (дипломиран *cum laude* со просек 9,40)

ПРИЛОГ:
(1) Академско CV – [redacted]
(2) Покана на ОЈО ГОКК за прибирање на информации

______________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Потпис

Во Прилеп, на ден 18.01.2025 година.

______________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

27-01 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/2

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено со наш број 1005-144/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19). Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е да им се овозможи на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите. Притоа, остварувањето на „јавниот интерес" значи остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којашто има предност пред индивидуалните потреби и права на заедницата.

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер со оглед на тоа што барате информација за предмет со наш број 0801-339. Во тој случај, Ви укажуваме дека Вашите прави и лични интереси може да ги остварите согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои се јавувате како странка или имате правен интерес. Притоа, Ве упатуваме дека при остварување на Вашите права кои се однесуваат на конкретен предмет, а во кој Вие не сте странка


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

во постапката, треба да го докажете Вашиот правен интерес во конкретниот предмет, односно да наведете во кое својство Вие се обраќате до Државната комисија и барате податоци за конкретен предмет.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Verdimmarrje në Procedurë Administrative,Procedurë të marrëdhënies së Punëse dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 29.01.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 144/3 | | |

**ПОДНОСИТЕЛ:** [redacted]

Контакт електронска пошта: [redacted]

**ДАТУМ И МЕСТО:** 28.01.2025 година во Прилеп

**ДО:** Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
- Доставено преку електронска пошта

**КО:** Инспекциски совет на Република Северна Македонија
- Доставено преку електронска пошта

**ПРЕДМЕТ:** Приговор / Претставка до Инспекциски совет на Република Северна Македонија

Почитувани,

Примив Известување заведено под арх. бр. 1005-144/2 од 27.01.2025 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во понатамошниот текст како „Комисијата". Во согласност со одредбите пропишани во член 14 став (4) од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15), во понатамошниот текст како „ЗОУП", со кој е уредено, правото на управен приговор против реалните акти, поднесувам приговор против предметното известување.

Имено, на ден 18.01.2025 година, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/19), во понатамошниот текст како „ЗСПИЈК", поднесов Барање за пристап до информации од јавен карактер. Во предметното барање од Комисијата како имател на информации **да ми издаде копие од Записник за одржана седница на 03.12.2024 година**, наведувајќи бараната информација да биде во формат на електронски запис и истата да биде доставена преку електронска пошта.

Согласно член 20 став (1) од ЗСПИЈК, на поднесено барање, имателот на информации е должен да позитивно одговори на барањето, или ако барањето делумно или целосно го одбие да донесе управен акт во форма на Решение. Управниот акт треба да биде со структура и задолжителни елементи пропишани во член 88 став (1) од ЗОУП, односно истото треба да содржи: „вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластеното службено лице и печат." (дословен цитат).

Од значење е да се напомене дека со ваквото постапување од страна на Комисијата, ми е ускратен правниот лек, односно да изјавам Жалба во врска со одлуката на Комисијата до повисокиот орган кој во конкретниот случај е Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

[redacted]

[redacted]

Во конкретниот случај непосредно е повреден член 27 став (1) од ЗСПИЈК кој пропишува: „ (1) Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата". Во таа насока, битно е да се напомене дека Комисијата исто така, ги повредила и процесните одредби од ЗОУП, конкретно член 106 став (1) од кој пропишува дека, „Странката може да изјави жалба против управниот акт во рок од 15 дена од денот на доставувањето, односно известувањето за управниот акт, освен ако со посебен закон не е определен подолг рок", земајќи во предвид дека согласно член 1 став (2) од ЗСПИЈК, правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се остварува согласно со ЗСПИЈК и ЗОУП

Да резимирам, по поднесеното Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено до органот на ден 18.01.2025 година, Комисијата не постапи согласно законските прописи и донесе управен акт во форма на Решение, односно истата одговори со Известување кое не е претставува управен акт врз кој може да се изјави Жалба.

Преку овој Приговор барам Комисијата како имател на информации, да постапи согласно материјално-правните одредби од ЗСПИЈК, односно согласно член 20 став (1) кој пропишува, **„Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе Решение."** (дословен цитат)

За таа цел, а во согласност со член 18 став (1), точка 19, од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19), барам Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија да спроведе вонреден инспекциски надзор и да ја задолжи Комисијата како субјект да постапи во согласност со позитивните законски одредби, односно да ги отстрани погоре цитираните процесни повреди.

Молам на Ваше итно и неодложно постапување.

Со почит,

[redacted]

**ПРИЛОГ:**

(1) Известување заведено под арх. бр. 1005-144/2 од 27.01.2025 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

(2) Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер на [redacted] доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен преку електронска пошта на ден 18.01.2025 година.

Outlook

## Приговор / Претставка до Инспекциски совет на Република Северна Македонија

**From** [redacted]
**Date** Tue 1/28/2025 5:48 PM
**To** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>; Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>
**Cc** contact@is.gov.mk <contact@is.gov.mk>

3 attachments (5 MB)

Барање; [redacted] Приговор - 28 јануари 2025 година.pdf; Известување на ДКОУППРОИНВС бр 1005-144.pdf;

Почитувани,

Примив Известување заведено под арх. бр. 1005-144/2 од 27.01.2025 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Во согласност со одредбите пропишани во член 14 став (4) од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр. 124/15), со кој е уредено, правото на управен приговор против реалните акти, поднесувам приговор против предметното известување.

Согласно член 18 став (1), точка 19, од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/19), барам Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија да спроведе вонреден инспекциски надзор и да го задолжи субјектот на надзор да постапи во согласност со позитивните законски одредби, односно да ги отстрани процесни повреди елаборирани во вложениот приговор.

Молам на Ваше итно и неодложно постапување.

Со почит,
[redacted]

[redacted]

--
PhD in Land Economy candidate
Department of Land Economy, University of Cambridge
c/o Hughes Hall, Wollaston Rd, CB1 2EW Cambridge
+44 (0) 7388 927117 • ms2159@cantab.ac.uk • www.cantab.ac.uk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

04.02 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/4

**До: Инспекциски совет на Република Северна Македонија**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

На ден 29.01.2025 г. по елекронски пат од страна на лицето [redacted] до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставен е Приговор/ Преставка.

Со оглед на тоа што Приговорот/ Претставка е насловен до Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија, истиот Ви го препраќаме на Ваша надлежност и постапување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Прилог: Приговор/Претставка од* [redacted] *(оригинал)*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

04.02 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/5

**До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од кавен карактер**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

На ден 29.01.2025 г. по елекронски пат од страна на лицето Миодраг Стамболџиев до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставен е Приговор/ Преставка.

Имајќи ги предвид член 26 и 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ“ бр.110/2019), Државната комисија поднесениот приговор Ви го доставува на Ваша понатамошна надлежност и постапување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Прилог: Приговор/Претставка од* [redacted] *(фотокопија)*

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

04.02 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/6

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Приговорот/ претставката кој по електронски пат е доставен до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Ве известуваме за следново:

Од причина што доставениот Приговор е насловен до Инспекциски совет на Република Северна Македонија и во истиот се бара преземање на дејствија од страна на советот, доставениот приговор со допис е проследен до Инспекциски совет на Република Северна Македонија.

Исто така, Државната комисија имајќи ги предвид член 26 и 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ" бр.101/19), Државната комисија примерок од доставениот Приговор проследи до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative Procedurë të Marrëdhenies së Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 27.02.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 144/7 | | |

Outlook

## жалба со прилози

From Vasilka <vasilka.p@aspi.mk>
Date Thu 2/27/2025 11:50 AM
To Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>
Cc DKZ kontakt <contact@dkz.mk>

1 attachment (1 MB)
Жалба од Миодраг Стамболџиев.pdf;

Почитувани,

До Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер доставена е Жалба заведена со бр.08-83 на 27.02.2025 година од барателот на информации [redacted] Прилеп, поднесена против имателот на информации Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Согласно член 107 став 1 од Законот за општата уптавна постапка, во прилог ви ја доставуваме предметната жалба со прилозите кон истата, со цел во рок од седум (7) дена од денот на приемот да се произнесете по истата и да ја доставите целокупната документација со која располагате, а која е во врска со предметната жалба.

Со почит,

Василка Поп Ѓорѓиева
**Помошник Раководител на Сектор за управно-правни и општи работи**
**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**
Бул. "Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: +389 (02) 3127 453
Факс: + 389 (02) 3118 038
веб страна: www.aspi.mk

**Vasilka Pop Gjorgjieva**
**Deputy Head of Sector for administrative, legal and general affairs**
**Agency for protection of the right to free access to public information**
Address: bul."Goce Delcev", 18
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 (02) 3127 453
Fax: + 389 (02) 3118 038
web site: www.aspi.mk

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: Оваа порака содржи информации кои можат да бидат од доверлив карактер. Наменети се само за примателот до кој се адресирани. Ако поради грешка во адресата или во преносот на пораката дошла на погрешна адреса, ве молиме за тоа да го известите испраќачот. Ако пораката не е наменета за вас не смеете да ја копирате, печатите, дистрибуирате или на било кој начин да ја користите нејзината содржина.

DISCLAIMER: This e-mail contains proprietary information some or all of which may be legally privileged. It is for the intended recipient only. If an addressing or transmission error has misdirected this e-mail, please notify the author by replying to this e-mail. If you are not the intended recipient you must not use, disclose, distribute, copy, print, or rely on this e-mail.

[redacted]

[redacted]

## Zalbi

**From:** [redacted]
**Sent:** среда, 26 февруари 2025 19:20
**To:** Zalbi
**Subject:** Жалба
**Attachments:** [redacted] 18jan2025g.pdf; М. Стамболциев - Жалба 26 феб 2025 год.pdf

**Importance:** High

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 27.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 83 | | |

Архивски знак / Shenja arkivuese ______
Рок на чување / Afati për ruajtje ______ Потпис / Nënshkrimi
______ 20___ година / viti ______

Почитувани,

Во прилог изјавувам Жалба.

Со почит.
Миодраг Стамболциев

**From:** [redacted]
**Sent:** сабота, 18 јануари 2025 23:08
**To:** natalija.filipova@dkz.mk; daniela.radik@dkz.mk
**Cc:** contact@dkz.mk
**Subject:** Барање
**Importance:** High

Почитувани,

Согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/19), во прилог Ви доставувам Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам потврдете прием на доставеното Барање.

Со почит,
Миодраг Стамболциев

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

## Zalbi

| | |
|---|---|
| **From:** | [redacted] |
| **Sent:** | среда, 26 февруари 2025 19:20 |
| **To:** | Zalbi |
| **Subject:** | Жалба |
| **Attachments:** | [redacted] 18jan2025g.pdf; М. Стамболиев Жалба 26 феб 2025 год.pdf |
| [redacted] **Importance:** [redacted] | High [redacted] |

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено / Pranuar | 27.02.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 83 | | |

Архивски знак / Shenja arkivore ______
Рок на чување / Afati për ruajtje ______ Потпис / Nënshkrimi
______ 20__ година / viti ______

Почитувани,

Во прилог изјавувам Жалба.

Со почит,
[redacted]

**From:** [redacted]
**Sent:** сабота, 18 јануари 2025 23:08
**To:** natalija.filipova@dkz.mk; daniela.radik@dkz.mk
**Cc:** contact@dkz.mk
**Subject:** Барање
**Importance:** High

Почитувани,

Согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РСМ бр. 101/19), во прилог Ви доставувам Барање за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам потврдете прием на доставеното Барање.

Со почит,
[redacted]

--
This message has been scanned for viruses and dangerous content by **MailScanner**, and is believed to be clean.

Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен – со седиште во Скопје

ДОСТАВЕНО ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА

До: [redacted]

(имател на информацијата)

# Б А Р А Њ Е

## З[redacted] ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] со адреса на живеење, [redacted] во Прилеп, со контакт телефон: [redacted] и контакт електронска адреса: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

[redacted]

Почитувани,

Со цел изготвување на истражување за борба против корупцијата во управните постапки а во согласност со член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (во понатамошниот текст како „ЗПИЈК“), барам да ми се издаде копие во формат на електронски запис од: Записник за одржана седница на 03.12.2024 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен (во понатамошниот текст како „Комисијата“ и „Записникот“) воден согласно член 8 став (5) од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кој пропишува, *„За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот.“* (дословен цитат) кој што сметам дека е од јавен интерес затоа што:

Постојат индиции дека во постапувањето по предметот на Комисијата заведен под дел. бр. 0801-339 се тргувало-со-влијание во интерес на трети лица, конкретно во интерес на групи-на-интереси од областа на градежништвото (колоквијално [redacted] како „урбанистичка мафија“), на непосредна штета на подносителот. Самостојноста на Комисијата загарантирана во член 2 став (1) не и дава прерогатив на истата да постапува спротивно на Закон, во конкретниот случај спротивно на одредбите пропишани во Законот за општа управна постапка каде што јасно и недвосмислено е дефинирано дека секое лице кое има правен интерес може да бара поништување на правните акти. Решението бр. 0801-339 од 03.12.2024 година, како и спротивно на член 66 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кој пропишува дека *„Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни.“* (дословен цитат) Во контекст на погоре изнесеното имам поднесено Претставка до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) каде е оформен предмет, и Кривична пријава против сочинителите кои доставувале поднесоци по-службена-должност до првостепениот (Управа за имотно-правни работи Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Прилеп, Одделение за катастар на недвижности во Прилеп, Државно правобранителство за подрачје Прилеп и Приватен катастар „ГЕОНЕТ“ ДОО Прилеп) за фалсификување на документи и злосторничко здружување до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во Скопје (консултирајте прилог).

До: **Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристал до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **ЖАЛБА**

**[redacted], контакт телефон:[redacted]**
**контакт електронска пошта[redacted]**

подносител:-----------------------------------------------------------------------------------
(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

жалбена основа:------------------------------------------------------------------

**На ден 18.01.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (во понатамошниот текст како „Комисијата").**

**До денес 26.02.2025 година, Комисијата не најде за сходно да постапи по поднесеното Барање, односно истата да донесе управен акт во форма на Решение, согласно член 20 став (1) од ЗСПИЈК кој пропишува: „Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение" (дословен цитат).**

**Барам имателот на информации да донесе Решение, кое како управен акт треба да биде со структура и задолжителни елементи пропишани во член 88 став (1) од ЗОУП, односно истото треба да содржи: „вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластено службено лице и печат") за да јас како странка во постапката го искористам правниот лек, односно ја продолжам постапката за пред второстепниот орган, во конкретниот случај АЗПСПИЈК, односно пред Управен суд на Република Северна Македонија.**

---------------------------------------------------------------------------

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)

(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

Во **Прилеп**
Датум: **26.02.2025** год.

(с.р. потпис на жалителот)

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка,
постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

06-03 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/8

**ДО**
**Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Доставување одговор на жалба со списи**

Почитувани,

Во врска со поднесената жалба од страна на лицето Миодраг Стамболџиев која по електронски пат на ден 27.02.2025 г. е доставена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ( во понатамошниот текст Државна комисија ) и заведена под број 1005-144/7, во прилог Ви го доставуваме следниов одговор на жалба:

На ден 20.01.2025 г. лицето [redacted] по електронски пат до Државната комисија достави Барање за пристап до информации од јавен карактер ( во понатамошниот текст: Барање) и истото е заведено под број 1005-144/1. Во Барањето, подносителот на истот бара да му се достави следнава информација:

- Записник за одржана седница на 03.12.2024 г. на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Притоа, е наведено дека подносителот смета дека Барањето е од јавен интерес затоа што постојат индиции дека во постапувањето по предметот имало индиции дека со тргувало со влијание во интерес на трети лица, конкретно во интерес на група интереси од областа на градежништвото. Подносителот смета дека Записникот како барана информација е од јавен интерес затоа што со нејзиното објавување ќе се открие злоупотреба на службена положба и

коруптивно однесување и судир на интереси од страна на членови на Комисијата и ќе сеовозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е е-маил.

Согласно член 3 став 1 алинеја 7 од Законот за пристап до информации од јавен карактер, лицето [redacted] не поднел барање за пристап до информации од јавен карактер, туку во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер. Поради тоа, Државната комисија до подносителот достави Известување со број 1005-144/2 од 27.01.2025 г.

Притоа, во самото Известување на подносителот му е укажано дека во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер од причина што бара информација за конкретен предмет со број 0801-339. Подносителот своите права и лични интереси може да ги оствари согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја. При остварување на своите права, подносителот треба да го докаже својот правен интерес во конкретниот предмет, односно да наведе во кое својство се обраќа до Државната комисија и бара податоци за конкрениот предмет.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија смета дека правилно постапила по Барањето за пристап до информации од јавен карактер. Поради тоа, Државната комисија предлага поднесената жалба **ДА СЕ ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА.**

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

***Прилог:*** *Барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-144/1 од 20.01.2025 г. (фотокопија)*
- *Известување со наш број 1005-144/2 од 27.01.2025 г. (фотокопија)*

***Изготвил:*** *Наталија С. Филипова*

Outlook

## Решение 08-83

**From** Aleksandra Atanasovska Gjorgjijeska <agatanasovska@aspi.mk>
**Date** Mon 3/17/2025 10:47 AM
**To** Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>; DKZ kontakt <contact@dkz.mk>

1 attachment (949 KB)
Решение 08-83.pdf;

Почитувани,

Во врска по поднесена жалба до Агенцијата, во прилог на овој допис Ви го доставуваме решението на Агенцијата.

Со почит.

Александра Атанасовска Ѓорѓијеска
Помлад соработник

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје, Република Северна Македонија
моб: 070 270 216
Тел: 02 3127 453
Факс: 02 3118 038
www.aspi.mk

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative.Procedurë të Marrëdhënies së Punese dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: 17.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 144/9 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ____________
Рок на чување Afati i ruajtjes ____________
____________ 20 ___ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
____________

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а согласно член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19) и Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] од Прилеп поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, на 14.03.2025 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Жалбата изјавена од[redacted] од Прилеп, поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, заведена во Агенцијата под бр.08-83 на 27.02.2025 година, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА.
2. Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.
3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted] од Прилеп, како што е наведено во Жалбата, на 18.01.2025 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, со кое побарал по е-маил да му се достави електронски запис од следните информации:

" 1. Записник за одржана седница на 03.12.2024 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен ( во понатамошниот текст како „Комисијата" и „Записникот" ) воден согласно член 8 став (5) од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кој пропишува, *„За постапката за советување и гласање се води посебен записник. Записникот го потпишуваат сите присутни членови на Државната комисија и записничарот..."*

Имателот на информации на ова Барање одговорил до Барателот на информации со доставување на Известување со архивски број 1005-144/2 од 27.01.0225 година, во кое наведува дека истото не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,

бидејќи во случајот се работи за барање од личен карактер, со оглед на тоа што Барателот бара информации за предмет заведен кај Имателот на информации со број 0801-339, во кој предмет тој не е странка.

Барателот на информацијата, во законски предвидениот рок, поднел Жалба заведена во Агенцијата со бр.08-83 на 27.02.2025 година.

Агенцијата со електронски допис бр.08-83 од 27.02.2025 година ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации на 06.03.2025 година до Агенцијата достави Одговор на Жалба со списи со бр.1005-144/8 од 06.03.2025 година заведен во Агенцијата број 08-83 на 06.03.2025 година, во кој наведува дека: „...во самото Известување на подносителот му е укажано дека во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер од причина што бара информација за конкрете[redacted]1-339. Подносителот своите права и лични интереси може да ги оствари согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја. При остварување на своите права, подносителот треба да го докаже својот правен интерес во конкретниот предмет, односно да наведе во кое својство се обраќа до Државната комисија и бара податоци за конкретниот предмет.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија смета дека правилно постапила по Барањето за пристап до информации од јавен карактер. Поради тоа. Државната комисија предлага поднесената жалба ДА СЕ ОДБИЕ КАКО НЕОСНОВАНА.“

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, постапувајќи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, истата **ЈА УВАЖИ и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган**, поради следното:

По разгледувањето на Жалбата и сите списи во врска со предметот, Агенцијата утврди дека, постапувајќи по предметното Барање за информации од јавен карактер, Имателот на информации не постапил правилно и во целост согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што Имателот на информации наместо да одговори со Известување бил должен да постапува согласно член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Имателот на информации не ги испочитувал одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со тоа што не постапил согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации до јавен карактер кој гласи "Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение".

Исто така, Имателот на информации не постапил согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно во законски предвидениот рок не ги доставил бараните информации до Барателот, на начин и во форма наведени во Барањето, ниту донел управен акт согласно горенаведениот Закон, поради што согласно

член 20 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се смета дека Барањето е одбиено.

Доколку, Имателот на информации утврди дека бараната информација е исклучок од член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Имателот на информации е должен да постапува и согласно член 6 став 3 од истиот Закон, каде е наведено: „По исклучок од ставот 1 на овој член имателите на информации ќе одобрат пристап до информација, по задолжително спроведениот тест на штетност со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавувањето на информацијата."

Во врска со наводите на Имателот на информации дека во случајот се работи за барање од личен карактер, со оглед на тоа што Барателот бара информации за предмет заведен кај Имателот на информации со број 0801-339, во кој предмет тој не е странка и дека за остварување на своите права, подносителот треба да го докаже својот правен интерес во конкретниот предмет, односно да наведе во кое својство се обраќа до Државната комисија и бара податоци за конкретниот предмет, Агенцијата му укажува на Имателот на информации дека согласно член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е утврдено дека: „информација од јавен карактер" е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Согласно наведеното, Имателот на информации е должен одново да го разгледа Барањето и да постапи согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Поради погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-83
14.03 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Изработил :Василка Поп Ѓорѓиева
Контролирал: Петар Гајдов

Доставено до:
- архива на Агенцијата
жалителот/барател на информацијата
имател на информацијата

Рок на чување:

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка. постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedure Administrative.Procedurë të Marrëdhënies së Punese dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено - Pranuar: 25.03.2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 144/10 | | |

Арх. знак/Shenja arkivore ______
Рок на чување Afati i ruajtjes ______
______ 20__ год./Viti
Потпис/Nënshkrimi
______

Outlook

## Ургенција

**From** [redacted]
**Date** Tue 3/25/2025 2:05 PM
**To** Natalija Stojanova Filipova <natalija.filipova@dkz.mk>; Daniela Radik <daniela.radik@dkz.mk>
**Cc** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>

Почитувани,

Поднесувам Ургенција во врска со Решение бр. 08-83 од 14.03.2025 година на Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Молам Вашиот орган да постапи согласно диспозитивот од предметното решениието за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно да ги испочитува законски пропишаните рокови.

Со почит,
[redacted]

---

**From:** [redacted]
**Sent:** понеделник, 17 март 2025 13:08
**To:** DKZ kontakt <contact@dkz.mk>; natalija.filipova@dkz.mk; daniela.radik@dkz.mk
**Subject:** Fw: Решение 08-83

Молам на Ваше постапување.

Sent from Outlook for iOS

---

**From:** [redacted]
**Sent:** Monday, March 17, 2025 10:48:46 AM
**To:** [redacted]
**Subject:** Решение 08-83

Почитувани,

Во врска со Вашата доставена Жалба до Агенцијата, во прилог на овој допис Ви го доставуваме решението на Агенцијата.

Со почит.

[redacted]

До: Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **ЖАЛБА**

[redacted]

подносител:------------------------------------------------------------------------------------

(назив, име и презиме, адреса, тел., фах, е-маил на барателот на информацијата)

жалбена основа:-------------------------------------------------------------------------

**На ден 18.01.2025 година поднесено е Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (во понатамошниот текст како „Комисијата").**

**До денес 26.02.2025 година, Комисијата не најде за сходно да постапи по поднесеното Барање, односно истата да донесе управен акт во форма на Решение, согласно член 20 став (1) од ЗСПИЈК кој пропишува: „Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение" (дословен цитат).**

**Барам имателот на информации да донесе Решение, кое како управен акт треба да биде со структура и задолжителни елементи пропишани во член 88 став (1) од ЗОУП, односно истото треба да содржи: „вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластено службено лице и печат") за да јас како странка во постапката го искористам правниот лек, односно ја продолжам постапката за пред второстепниот орган, во конкретниот случај АЗСПИЈК, односно пред Управен суд на Република Северна Македонија.**

---------------------------------------------------------------------------

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)

(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)

**Во Прилеп**
Датум: 26.02.2025 год.

(с.р. потпис на жалителот)

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

01.04 2025

**Архивски број:** 1005-144/11

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, а по насоки на Решение број 08-83 од 14.03.2025 г. на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од [redacted] до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено под број 1005-144/1 **СЕ УВАЖУВА.**
2. Бараната информација ќе биде доставена на начин како што е наведено во барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## Образложение

На ден 20.01.2025 г. по електронски пат до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од лицето [redacted] и истото е заведено под број 1005-144/1. Во барањето е наведено дека подносителот на истото, а заради изготвување на истражување за борба против корупцијата во управните постапки, подносителот бара Записник за одржана седница на 03.12.2024 г. на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ( во понатамошниот текст Државна комисија).

Постапувајќи по барањето, Државната комисија до подносителот достави Известување број 1005-144/2 од 27.01.2025 г. Во истото е наведено дека Барањето кое е поднесено не е барање од јавен карактер и по истото не може да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во конкретниот случај, Државната комисија смета дека се работи за барање


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

од личен карактер и поради тоа подносителот бил упатен своите права да ги оствари согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја.

Барателот на информацијата во законски предвидениот рок по електронски пат поднел Жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и истата е заведена под број 08-83. Агенцијата по електронски пат ја достави Жалбата до Државната комисија и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата, како и да ги достави сите списи во врска со предметот.

Постапувајќи по доставената жалба, Државната комисија достави одговор на жалба, заедно со списите кон предметот. Притоа, во доставениот одговор наведе дека на барателот со Известување број 1005-144/2 од 27.01.2025 г. му е укажано дека во конкретниот случај се работи за барање од личен карактер од причина што подносителот бара информација за конкретен предмет. Поради тоа, Државната комисија предложи поднесената жалба да се одбие како неоснована.

Постапувајќи по поднесената жалба, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе Решение број 08-83 од 14.03.2025 г. Со Решението, жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен се уважува, предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган и имателот на информации е должен да го спроведе Решението во рок од 15 дена од денот на приемот и за истото да ја извести Агенцијата.

Државната комисија постапувајќи по насоките на Решението на Агенцијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] број 1005-144/1 од 20.01.2025 г. го уважи и бараната информација до подностелот на барањето ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање, односно истата ќе биде доставена по електронски пат.

Притоа, во прилог на ова Решение до подносителот на Барањето ќе биде доставен примерок од Записникот од 20 (дваесетата) седница на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен одржана на ден 03.12.2024 г. и тоа првата страна, страната каде се наведени податоци за предметот 0801-339, како и последната страна од записникот, сето тоа во фотокопија. Податоците од записникот кои се класифицирани како лични согласно Законот за заштита на личните податоци се анонимизирани.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**Претседател**
**Илче Мушаревски**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

01.04 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/12

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување, доставување**

Почитуван,

Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен постапи по насоките на Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и донесе Решение број 1005-144/11 од 01.04.2025 година. Примерок од донесеното Решение по електронски пат Ви доставуваме во прилог на ова Известување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил: Наталија С. Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен

01.04 2025 година

**Архивски број:** 1005-144/13

**До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Предмет: Известување, доставување**

Почитувани,

Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен постапи по насоките на Решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер број 08-83 од 14.03.2025 г. и донесе Решение број 1005-144/11 од 01.04.2025 година. Примерок од донесеното Решение по електронски пат е доставен до подносителот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

Во прилог на ова Известување Ви доставуваме примерок од донесеното Решение во фотокопија, како и доказ за достава на донесеното Решение по електронски пат до барателот.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk